# ДОГОВОР
## за извршено внесување на паричен влог

Заклучен на ден 04.09.2007 година во Скопје, помеѓу:

1.Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт Скопје,ул.Вељко Влаховиќ бр.7/2-17, застапувано од управителот Ристовски Ацо од Гевгелија [redacted] со број на пасош [redacted] и ЕМБГ: [redacted] од една страна на договорот, и

2.АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година,преку полномошник адвокат Караиванова Јулијана од Гевгелија,ул.7-ми Ноември бр.18-а со легитимација од АКРМ -1557 од друга страна на договорот.

***Странките се договорија за следното:***

Чл.1

Странките,врз основа на овој договор, а согласно член 257 т.4 од ЗТД се согласни содружникот АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година да изврши преземање на нов влог со внесување на паричен влог во износ од **400.000,00 Евра** во денарска противвредност според курсот на НБРМ,

Чл.2

Странките се согласни паричниот влог во износ од **400.000,00 Евра** во денарска противвредност според курсот на НБРМ, што содружникот АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година го вложува во друштвото со денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина му се става на располагање на Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт Скопје и истите не можат да му се враќаат на содружникот.

Чл.3

Во случај на спор по одредбите од договорот странките се согласни да одлучува Основен суд Скопје 2 Скопје.

Чл.4

Овој Договор е сочинет во 3 примерока од кој по еден за договорните странки, еден за Централниот регистар на Република Македонија Скопје каде ќе биде поднесена пријавата за упис на зголемување на влогот.

За КОРОНА-ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО
Скопје
Управител,

Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт 1 СКОПЈЕ

/Ристовски Ацо/

За АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А
Панама-Република Панама
Полномошник,

АДВОКАТ ЈУЛИЈАНА КАРАИВАНОВА ул. 7-ми Ноември 18 а тел. 034/211-994 Гевгелија

/адвокат Јулијана Караиванова/